# З А П И С Н И К

Од 57-ма седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 17.07.2020 год.

Седницата се одржа онлајн преку апликацијата ZOOM и започна со работа во 10,15 часот.

На седницата беа присутни 30 членови на Советот на Општината: Претседателотот на Советот-Валентин Груевски, Методија Илиевски,Зоран Стојчевски, Жаклина Наумовска, Ристенка Алтипармаковска,Борче Корлевски,Веселин Талевски,Емилија Костурски, Елеонора Илиевска, Зоран Ѓеорѓиев, Владе Шеровски, Елизабета Тодоровска, Виолета Дракалска,Татјана Крнчева, Јован Налбанти, Славе Најдовски, Билјана Поповска, Анита Ангелевска,Александар Мирчевски,Горан Михајловски,Горан Степановски,Елена Трајчевска,Тони Коњановски,Иванчо Тошевски, Николче Јанкуловски,Борче Димитровски,Олга Лозановска, Викторија Христовска, Габриела Илиевска, Иван Чулаковски.

На седницата отсутен беше советникот:Бурим Керими.

Записниците од 54,55 и 56 седница беа ставени на гласање и едногласно усвоени (28ЗА).

Претседателот на Советот Валентин Груевски го прочита дневниот ред со една точка.

Иван Чулаковски замоли сите учесници во политичкиот процес да го активираат членството и да ги соберат плакатите односно она што е оставено по улиците бидејќи законски е забрането да се лепат плакати насекаде.

Претседателот Валентин Груевски појасни:после завршување на изборите постои законска обврска (да после завршување на избори) во одреден рок сите учесници кои залепиле плакати и паноа треба да ги подигнат.

За работа на седницата беше предложен и едногласно прифатен (30за) следниот

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1.Одлука за давање согласност на Договорот за доделување на финансиски средства на акционерските спортски клубови.

1.

Борче Корлевски рече,членовите на Комисијата за финансии и буџет го разгледале материјалот по точката и за истиот гласале со 3 гласови ЗА.Исто така и членовите на Комисијата за млади и спорт го разгледале материјалот по точката и за истиот гласале со 2 гласови ЗА.

Одлуката за давање согласност на Договорот за доделување на финансиски средства на акционерските спортски клубови, беше ставена на гласање и едногласно донесена со 30 гласови ЗА.

Седницата заврши во 10,45 часот.

Седницата се пренесуваше на Youtube и се снимаше на аудио касети и по нив се водат забелешки.

Седницата ја обработи Ленче В.Гареска,референт за седници.

Бр..09-65/2
17.07.2020 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
На Советот на Општина Битола
Валентин Груевски